# ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ – ИСКУСТВА И ПРЕДИЗВИЦИ

Овој проект е финансиран од Европската унија.

АКЦИСКА МРЕЖА ЗА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

МЦЕТ

РЕАКТОР
истражување во акција

Проектот го имплементира Метаморфозис, во партнерство со Македонски центар за европско образование (МЦЕО) и Реактор – Истражување во акција.

СКОПЈЕ, СЕПТЕМВРИ 2015

**ИЗДАВАЧ:**

Метаморфозис, Фондација за интернет и општество
ул. Апостол Гусларот, бр.40, 1000 Скопје, Македонија
www.metamorphosis.org.mk
info@metamorphosis.org.mk
тел./факс: +389 2 3109 325

**ЗА ИЗДАВАЧОТ:**
Бардил Јашари

Истражувачки тим:
Тамара Ресавска
Александар Колекески
Дамјан Здравев
Љупчо Петковски
Диана Близнаковска
Кире Василев
Ивана Драгшиќ

**ЛЕКТУРА:**
Лилјана Петрушевска

Проектот Акциска мрежа за добро владеење е спроведен од Метаморфозис, во партнерство со Македонски центар за европско образование (МЦЕО) и Реактор, со финансиска поддршка на Европската унија.

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Метаморфозис, Македонски центар за европско образование (МЦЕО) и Реактор и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

061.2:321.7(497.7)

ДОБРО владеење : искуства и предизвици / [истражувачки тим Тамара Ресавска ... и др.]. - Скопје : Метаморфозис, 2015. - 35 стр. : илустр. ; 21 см

Публикацијата е во рамките на проектот: “Акциска мрежа за добро владеење”

ISBN 978-608-4564-55-3
1. Ресавска, Тамара [автор]
а) Невладини организации - Поттикнување на демократски процеси - Македонија
COBISS.MK-ID 99304970


# СОДРЖИНА


8. **ВОВЕД**
8. Добро владеење, ИКТ и новите медиуми
10. Добро владеење, истражување и креирање политики
11. Добро владеење и ЕУ
14. **ЗА ПРОЕКТОТ**
17. **ПРЕПОРАКИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ ОД ПРОЕКТИТЕ:**
17. Институт за човекови права
18. Еко-свест
19. Фондација за развој на локалната заедница Штип
20. Здружение за развој и за активизам „Аква“ (Јавно наспроти јавнато)
21. Аналитика
22. Центар за одржлив развој на заедницата Дебар
23. „Фајнанс тинк“
23. Сојуз „Национален совет за родова рамноправност“ (НСРР)
25. Центар за ромска заедница ДРОМ
27. 8 Септември
29. Коалиција „Сите за правично судење“
30. Институт за развој на руралните заедници
31. Здружение за борба против рак „Борка – за секој нов ден“
32. ИКТ за промени
33. ЗИП институт
34. Фрејм бај фрејм – Дебатно кино „Контра кадар“

Според Извештајот на Европската комисија за напредокот за 2014 година, силното граѓанско општество е клучна компонента на секој демократски систем и треба како такво да се перципира и третира од страна на Владата.

Иницијативите како проектот „Акциска мрежа за добро владеење“ што го комбинираат градењето на капацитетите на граѓанските организации со доделувањето на подгрантови, им овозможуваат на локалните организации да работат на одредени прашања од областа на доброто владеење што ги засегаат заедниците во коишто работат, поставувајќи добар пример за овозможувањето на развојот на граѓанското општество.

Имајќи го ова предвид, улогата на граѓанското општество во процесот на доброто владеење е од суштинско значење за зголемувањето на довербата на граѓанинот во државните институции и воопшто за зајакнување на демократијата во земјата. Испробувајќи ги различните модели на граѓанско учество, владите го зголемуваат својот успех бидејќи стануваат потранспарентни, поодговорни, стекнуваат подобар легитимитет и го подобруваат квалитетот и ефикасноста на донесените одлуки.



**АИВО ОРАВ, Шеф на Делегацијата на Европската унија**

Мисијата на „Метаморфозис“ е да придонесе за развој на демократијата и за подобрување на квалитетот на живеење преку иновативна примена и ширење на знаењето. Впрочем, квалитетот на живеење на граѓаните во голема мера зависи од начинот на владеење, а оттаму и нашите напори преку овој проект, но и преку другите активности на „Метаморфозис“, да го промовираме концептот на доброто владеење и да придонесеме во неговата примена.

Доброто владеење, меѓу другото, подразбира отчетност и транспарентност на властите на централно и на локално ниво. Исто така, подразбира дека институциите се правични и ефективни, но и дека ги вклучуваат граѓаните во процесот на донесување одлуки. Накратко, доколку граѓаните имаат доверба во државните институции, доколку сметаат дека буџетските средства се трошат на соодветен начин, дека со јавните добра се управува во корист на граѓаните, дека нивната сигурност и приватност се обезбедени, дека се вклучени во процесите на донесување одлуки, тогаш токму тоа го подразбира доброто владеење, а тоа води кон посилна демократија и кон подобар квалитет на живеење.

Редовното информирање на граѓаните, и нивното вклучување во консултации и донесување на одлуки на локално и на централно ниво е значаен чекор кој го карактеризира доброто владеење. Користењето на ИКТ на иновативен начин може битно да придонесе и да го олесни овој процес. Затоа во рамките на проектот „Акциска мрежа за добро владеење“ беше создаден и применет модел кој овозможува граѓаните на едноставен начин да го искажат нивниот став за прашања и за одлуки што им се важни, преку апликацијата за мобилни телефони „Пикодемокраси“ (Picode-mocracy). Овој модел веќе почна да се користи во неколку општини во Македонија.

Невладините организации имаат важна улога во поттикнувањето на граѓаните, но и на другите невладини организации да го следат работењето на државните институции и да ги користат достапните (па дури да создаваат нови) инструменти и механизми за да се бара поголема отчетност и транспарентност од институциите. Во рамките на овој проект, тоа се правеше преку создавање образовни ресурси, тренинзи и преку мали грантови за поддршка на локални иницијативи кои придонесуваат за доброто владеење. Важно е да се истакне дека малите организации имаат критично важна улога во информирањето и во вклучувањето на граѓаните во помалите средини надвор од Скопје и затоа поддршката од страна на програмата на ЕУ, IPA Civil Society Facility, преку малите грантови од овој проект, беше исклучиво важна.
Се надеваме дека ова издание ќе ги пренесе нашите искуства и научени лекции од овој проект за понатаму сите заедно да го унапредиме нашиот пристап и вклученост во промовирањето и во примената на доброто владеење во Македонија.



**БАРДИЛ ЈАШАРИ, Директор, Метаморфозис – Фондација за интернет и општество**

Развојот на граѓанското општество е неопходна компонента на секоја транспарентна, одговорна и ефективна власт, која се фокусира на потребите на граѓаните и која преку инклузивноста ја засилува поддршката на граѓаните за реформските процеси.
Поддршката за реформите поврзани со пристапувањето на Република Македонија во ЕУ, се смета за потребна и во поглед на исполнување на европските стандарди и во поглед на развојот на демократски институции.

Паралелно со подготовките на Европската комисија за новиот финансиски инструмент ИПА 2, се иницираше соработка на сите заинтересирани организации во делот на подготовка на ставови и на документи кои најсоодветно треба да ги пренесат истите до Владата на РМ и до ЕУ во процесот на програмирање за ИПА 2. Целта е да се поддржи процесот на консултации во кои можат да се вклучат граѓанските организации и да го дадат своето мислење за иднината на овој финансиски инструмент.

Учеството на граѓаните во овој процес е клучно, особено за поттикнување на развојот на културата за граѓански активизам, кој е од суштинско значење за успехот на целта за членство во ЕУ, преку градење активно граѓанско општество во Македонија, со зголемување на капацитетите за заедничка работа кон прогресивни реформи.



**БОЈАН МАРИЧИЌ,** **Директор, Македонски центар за европско образование (МЦЕО)**

Унапредувањето на концептот на добро владеење, кој се темели на принципите на транспарентност, отчетност, партиципативност и на владеење на правото, е неопходен услов за демократски развој на Република Македонија. Тоа е процес кој подразбира вклучување на најразлични актери во транспарентни процеси на донесување и на спроведување јавни политики, со што се овозможува заемна контрола, намалување на просторот за коруптивно однесување, како и целокупно подобрување на демократските стандарди, што е од исклучителна важност за државата во процесот на пристапување кон ЕУ.

Граѓанското општество игра многу значајна улога бидејќи преку своето дејствување настојува да го зголеми учеството на граѓанките и на граѓаните во овие процеси како на национално, така и на локално ниво. Токму затоа, спроведувањето локални инцијативи со кои се подобрува граѓанското учество, суштински придонесува за развој на демократските процеси во Република Македонија.

**ДАМЈАН ЗДРАВЕВ,** **Претседател, Реактор – Истражување во акција**







## ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ, ИКТ И НОВИТЕ МЕДИУМИ

Информациските технологии се обележје на 20 век и главна карактеристика на почетокот на 21 век. Дисеминацијата на алатки (компјутери, интернет, мобилна комуникација) му овозможи на општеството да ги добие потребните инструменти за да го направи знаењето достапно до масите, да ја поттикне продуктивноста во индустријата, земјоделството, услугите, како и културната активност. Голем предизвик во информациската ера е да се избегне јазот меѓу оние кои имаат и оние кои немаат пристап до добрата и до вештините потребни во дигиталната ера.

Информациската технологија може да биде моќна алатка за развојот на новата граѓанска свест, која е критичка и партиципативно ориентирана. Еден од најголемите предизвици, кој е резултат на технолошките иновации, е намалувањето на дигиталниот јаз. Иако технологијата овозможува огромни предности, таа, исто така, ги нагласува и разликите меѓу оние кои се или можат да бидат, и оние кои сè уште не се подготвени да ја користат.

За информациските и за комуникациските технологии (ИКТ) се смета дека можат да ги подобрат општествените индикатори, создавајќи нови можности за развој, зајакнување на демократиите и подобрување на животот во неразвиените земји и региони во светот.

Најважно од сè, интеграцијата на ИКТ генерира фактор на демократизација. Самите ИКТ треба да бидат средства за креирање механизми и политики, подложни на учење нови технологии кои го олеснуваат споделувањето решенија помеѓу различните нивоа на власти и граѓаните. Потребно е да се дефинираат јавни политики кои ќе ја поттикнат употребата на ИКТ, што придонесува за социјална вклученост, експанзија на човековата слобода и за намалување на дигиталната поделеност. Едно нешто е сигурно: проблемот е помалку од техничка или економска природа, а повеќе е поврзан со политичката волја и со желбата за еднаквост.

Доброто владеење е процес на интеракција меѓу владата и општеството и тој се реализира единствено доколку владините процеси се транспарентни, а граѓаните се организираат и ги изразуваат своите приоритети и барања до владините органи. Со други зборови, доброто владеење се манифестира со успешна интеракција на граѓаните со владејачките структури - главно легислативните, но и извршните; истовремено овозможува децентрализација на процесот на донесување одлуки и децентрализација на институциите и на буџетите.

Можеме да бидеме оптимисти дека доброто владеење ќе се подобри со воведување и со засилена употреба на ИКТ. Присуството на ИКТ ги оживува политичките односи со тоа што овозможува директно граѓанско учество, го избегнува посредувањето, а со тоа го оптимизира процесот на претставување и на проширување на партиципативната демократија.

При употребата на ИКТ во јавниот сектор, се препознаваат три различни чекори. Најпрво, зголемената употреба на компјутери е ограничена на менаџментот. Ова е најчест случај, особено во помалите заедници, каде компјутеризацијата на администрацијата е првиот чекор на употреба на ИКТ. Воведувањето на компјутерите во јавниот менаџмент е првиот чекор кон модернизација на најпрво интерните услуги на општинските извршни тела, т.е. автоматизација на административните процеси. Со тоа се олеснува организацијата на информациите преку процес на класификација, кој дозволува тие да бидат достапни за јавноста.

Вториот чекор е имплементирање на е-влада (електронска влада), со други зборови, јавните и владините услуги да се направат достапни за граѓаните преку електронски (дигитални) медиуми. Речиси секогаш оваа постапка е еднострана, од владата кон граѓаните, и во мнозинството случаи не дозволува интерактивност.

Третиот чекор, кој е најважен, е употребата на информациски и на комуникациски технологии за добро владеење. ИКТ претставуваат одлучен чекор во процесот на демократизација на јавните информации и во интеракцијата граѓанин-влада-граѓанин. Интеракцијата граѓанин-влада го гарантира препознавањето на приоритетите и на барањата од јавноста, респонзивноста на владејачката група и подобрувањето на неколку оперативни аспекти кои се испреплетени во односите влада-граѓанин.

Доброто владеење е основата, а е-владеењето е инструментот. Доброто владеење го диктира дизајнот и формата на е-алатките или е-владеењето за подобрување на исходите и на процесите од владеењето. Е-владеењето може да биде ефективна и ефикасна алатка за добро владеење единствено доколку се направат реформи на процесот. Една од главните цели на ИТ-политиката е екстензивна употреба на ИТ во рамките на процесот на владеење за овозможување подобри услуги за граѓаните и за зголемување на ефикасноста, транспарентноста и на отчетноста на владините тела и агенции.

Воведувањето на ИКТ, претставува нова форма на политичка врска во која индивидуалците во општеството и, меѓу другото, нивните претставници, општествени групи, општествени организации, политички организации, можат директно да дејствуваат за решавање јавни прашања и проблеми.

Употребата на ИКТ како инструмент за подобро владеење е, исто така, стимулирана од посредството на организирани општествени движења. Изолираниот индивидуалец најчесто ги користи ИКТ за лични цели (е-мејл, чет, веб-страници за личен интерес, консултирање комерцијални услуги, итн). Но, во општествено движење или во рамките на партиципативен механизам предводен од некој вид општествена организација, индивидуата се вклучува во процесот на пронаоѓање информативен материјал (без оглед дали се работи за личниот или интересот на заедницата) и во интеракција со владата. Затоа, остварувањето на трите горенаведени фази е еден од начините за предводење на локалните влади кон дигиталното и информациско општество. Овој циклус овозможува намалување на таканаречената дигитална исклученост или дигитален јаз.

Маргинализацијата на граѓаните во владините процеси беше причина за бавен напредок во унапредувањето на нациите. ИКТ го има потенцијалот да ја доведе секоја индивидуа во центарот на процесите на владеење, менувајќи ја самата природа на интерфејсот граѓани – владеење.



## ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ, ИСТРАЖУВАЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

Проектот „Акциска мрежа за добро владеење“, меѓу другото, има цел да ја зголеми вклученоста на граѓанското општество во креирањето на јавното мислење, креирањето политики и вклученоста во процесите на донесување одлуки, со фокус на доброто владеење, борбата против корупција и транспарентноста. Во тој контекст, проектот имаше цел да создаде одржлива мрежа на организации, кои преку локални акции, а со менторска поддршка и со подобрени капацитети, ќе влијаат на зголемување на транспарентноста, доброто владеење и на намалување на корупцијата. Постигнувањето на овие цели од граѓанските организации, подразбира и директно вклучување на заедниците во локалните акции и проекти.



(Учесниците на обуката „Проектен менаџмент според правилата на ЕУ“)

Имајќи го предвид фокусот на проектот, кој подразбира континуирано следење и евалуација на јавните политики од областа на доброто владеење и нивната имплементација, може да се каже дека истражувањето претставува еден од централните елементи на проектот. Во овој контекст, напорите на граѓанските организации да лоцираат проблеми и недостатоци и да предлагаат и да застапуваат промени, мора постојано да бидат базирани на релевантни информации собрани во професионален истражувачки процес, за да се овозможи аргументација врз база на релевантни докази.

Сепак, важно е да се напомене дека уште во подготовката на проектот, проектните партнери ја идентификуваа потребата од подигнување на капацитетите на граѓанските организации, особено во делот на капацитетите за истражување и за презентација на истражувачки податоци. Организациите од граѓанското општество не ги користат доволно научните истражувања како основа за нивните акции, што, од друга страна, ги прави ранливи на притисоци, ја зголемува можноста за оспорување на кредибилитетот на нивните акции, но уште поважно, ја ограничува можноста нивните акции и препораки за подобрување да бидат базирани на докази. Дополнително, подготовката на локални иницијативи и акции кои се базирани на сознанија прибрани во систематизиран истражувачки процес, овозможува аргументи кои придонесуваат за вклучување на засегнатите страни во локалните процеси.

Од овие причини, во компонентата на проектот посветена на подигнување на капацитетите, беше спроведено истражување за процена на капацитетите на организациите кои беа дел од

грантовата шема. На овој начин се осигура дека тренинзите и обуките што беа организирани навистина ги адресираат реалните потреби на организациите и проектите кои тие ги спроведуваа во срединиге во кои дејствуваат.

Имајќи ги предвид комплексноста и политичката сензитивност на доброто владеење, борбата против корупцијата и (не)транспарентноста на институциите, во рамките на проектот, беше организирана и обука за слободен пристап до информации од јавен карактер. Оваа обука им овозможи на организациите стратешко користење на оваа алатка како метод за прибирање информации, а ја искористија голем дел од организациите при истражувањата што ги спроведуваа во рамки на своите проекти.
Дека истражувањето како процес играше многу важна улога во вој проект, зборува и податокот дека речиси сите организации што спроведуваа проекти во рамки на грантовата шема спроведоа и истражувања, додека кај некои истражувањата беа централни компоненти. Радува фактот што голем број организации го надминаа прагот на деск-истражувања и креираа покомплексни методологии што им овозможија да дојдат до релевантни и проверени сознанија. Со тоа, не само што осигураа аргументи и докази за нивните акции, туку и дополнително ги тестираа институциите и нивната транспарентност. Методологиите за истражување, следење и за евалуација на јавните политики и на работата на институциите, кои организациите ги користеа, придонесоа за реална оцена на актуелните состојби во доброто владеење, но и за идентификување корупгивни практики, како и начини за зголемување на транспарентноста на институциите.

Истражувањата спроведени во рамки на проектите овозможија креирање база на сознанија, која е јавно достапна и која може да послужи како основа за понатамошна евалуација на работата на институциите, но и на успешноста на организациите во нивните напори за унапредување на доброто владеење.

## ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ И ЕУ

Долгорочните напори на Европската Унија имаат цел да се ревитализира граѓанското општество во Македонија, преку поттикнување активно граѓанско општество, особено преку зголемување на капацитетите на граѓанските организации, зајакнување на нивната улога на проактивни актери кои соработуваат со сите засегнати страни за општествени прашања, особено во корелација со имплементацијата на правото на ЕУ, а со тоа и подобрување на целокупното општество.

Во таа смисла, активизмот на граѓанското општество е од суштинско значење за успехот при пристапување во ЕУ. Таквиот активизам потребно е да се базира на идејата за поттикнување активното граѓанско учество од граѓанските организации преку искористување на расположливите механизми на национално и на меѓународно ниво за да се зголеми нивото на доброто владеење.



(Дел од обуката „Застапување слободен пристап до информации и антикорупциски практики“)



Силното граѓанско општество е суштинска компонента на секој демократски систем и претставува вреден ресурс кој придонесува за градење отчетни и легитимни држави, силна општествена кохезија и отворени демократии. Иако веќе донела Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор (2012–2017), Владата треба да покаже поголема отвореност за соработка со секторот, како и развој на граѓанското општество како неопходна компонента на секоја транспарентна, одговорна и ефективна власт, која се фокусира на потребите на граѓаните и која преку инклузивноста ја засилува поддршката на граѓаните за реформските процеси. Ова особено се однесува на соработката со граѓанските организации што работат на социјалните реформи, родовата еднаквост, ранливите групи (вклучувајќи ја и ЛГБТ-заедницата), малцинствата (вклучувајќи ги и Ромите) и организациите што работат во руралните средини.

Поддршката за реформите поврзани со пристапувањето во ЕУ се смета за потребна и во поглед на исполнување на европските стандарди и во поглед на развојот на демократски институции.

Реформите во некои од овие области (на пример, реформата на јавната администрација) уживаат голема политичка поддршка и се карактеризираат со процес за стратегиско планирање и за креирање јавни политики кој го координираат министерствата и кој подразбира консултации со ЕУ во рамките на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Во рамките на ИПА1, горенаведените области беа поддржани со околу 77 милиони евра (12 проценти од вкупната финансиска рамка), вклучувајќи ги и средствата од националниот буџет кои изнесуваат околу 6,7 проценти од вкупните инвестирани средства (или 2 милиони евра). Научените лекции од спроведувањето на ИПА1 покажуваат дека реформите во областите каде не постои обврзувачко законодавство на ниво на ЕУ се бавни и налагаат поголема политичка поддршка, посветеност и координација со различните засегнати страни, како и вклучување и посветеност на сите нивоа.

ИПА е дизајниран како сложен инструмент со специфична цел, чие постигање е исто така доста сложено – да се подготви Македонија за членство во ЕУ, со примена на методологијата на „учење преку правење“ во тој процес. Затоа, ИПА-регулативата предвидува процес на полноправни консултации кои треба да се одвиваат во сите фази на програмирање, особено во текот на развојот на планските документи за Повеќегодишната индикативна програма (МИПД), како и на различни оперативни програми за одделни сектори во општеството.

Учество на граѓаните е во овој процес е клучно, особено за поттикнување на развојот на културата за граѓански активизам, кој е од суштинско значење за постигнување на целта за членство во ЕУ, преку градење активно граѓанско општество во Македонија, со зголемување на капацитетите за заедничка работа кон прогресивни реформи.

Во здрава демократија, граѓанско општество обезбедува модерирање „проверки“ на моќта на власта и го претставува и го застапува граѓанинот во јавниот живот. Како резултат на наследството од авторитарната власт, граѓанското општество во Македонија денес има ограничена улога во процесот на донесување одлуки, ослабена консолидација на демократијата и на изгледите за пристап кон ЕУ. Ограниченото присуство на граѓанското општество во владиниот процес на носење одлуки е повеќестран предизвик, заеднички за поширокиот регион на Балканот. Од една страна, самите влади не успеаја да создадат поволна средина за учество на граѓанското општество и, во некои случаи, создадена е директна непријателска атмосфера. Од друга страна, нивното ангажирање во законодавно-правните работи е реалност за многу граѓански организации, додека многу од нив имаат и недостиг од вештини.

Во Македонија, граѓанскиот сектор и понатаму е слаб поради културата на неучество и често процесите за донесување одлуки не се инклузивни.



(Дел од обуката „Проектен менаџмент според ЕУ“)

Паралелно со подготовките на Европската комисија за новиот финансиски инструмент ИПА2 (кој е важечки за сите земји кандидати и потенцијални кандидати), за да се поддржи процесот на консултации во кој можат да се вклучат и граѓанските организации и да го дадат своето мислење за иднината на овој финансиски инструмент, се иницираше соработка на сите заинтересирани организации во делот на подготовка на ставови и на документи кои најсоодветно треба да ги пренесат истите до Владата на РМ и до ЕУ во процесот на програмирање за ИПА2.

Европската комисија ги коментираше овие напори во делот „Демократија и владеење на правото“, под насловот „Граѓанско општество“, во Извештајот за напредокот од 2014 година, каде се наведува: „Граѓанските организации почнаа повеќе да се координираат меѓусебно за одредени теми, како што се ИПА2, и предложија повеќе структурирани механизми за консултации со Владата, врз основа на секторски пристап“.

Најбитните одредници од ИПА2 за поддршка за граѓанското општество и на недржавните чинители, кои се однесуваат на периодот 2014-2020 се:

- Поддршка за спроведувањето на Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор со фокус на новото советодавно тело, кое треба да се формира во 2015 година;
- Поддршка за развивање соодветни механизми за соработка меѓу граѓанското општество/недржавните чинители и јавните институции и подобрен пристап до информации од јавен карактер;
- Вклучување на граѓанското општество/недржавните чинители во процесот на развивање, спроведување и надзор на секторските стратегии за финансиската помош од ЕУ;
- Поддршка за креирање јавна политика и создавање правна и финансиска средина за независноста и за одржливоста на граѓанските организации за тие да можат да работат на репрезентативен, транспарентен и отчетен начин.



## ЗА ПРОЕКТОТ

Проектот „Акциска мрежа за добро владеење“ ги засили напорите на граѓанските организации во обраќањето и во подобрувањето на доброто владеење преку обезбедување алатки, вештини и знаења за подобрување на нивната работа, како и преку грантови за спроведување конкретни иницијативи. Со овие алатки и обуки, локалните граѓански организации значително ги подобрија хоризонталните врски со своите поддржувачи и со пошироката јавност, а и вертикално со владата.

**Главните цели на проектот се:**

Подобрување на вклученоста на граѓанското општество во креирањето на јавното мислење, креирањето политики и учеството во механизмите за донесување одлуки;

големување на капацитетите на граѓанското општество за справување со важни општествени прашања.

**Специфична цел на проектот е:**

- Промовирање на динамично граѓанско општество кое ефективно ги мобилизира граѓаните за активна вклученост во доброто владеење и транспарентноста, како и влијание врз процесите на донесување одлуки на локално и на национално ниво.
  Целните групи на проектот се: граѓаните, граѓанските организации, националните и локалните институции, медиумите и политичките партии.
  Проектот се базира на четири главни полиња на дејствување:
- градење стратегии преку широка консултација;

  зголемување на капацитетите на граѓанските организации;
- мали грантови за таргетирани кампањи (начини на финансирање на политички партии, примена на правото на слободен пристап до јавни информации, корумпираност во процесите на јавните набавки, мито, подароци/спонзорства, загриженост поврзана со изборите, злоупотреба на должност, заштита на податоци и друго);
- градење на широко распространета заедница.
  Проектот траеше 18 месеци, а беа доделени 16 мали грантови на организации кои спроведоа проекти во полето на добро владеење, транспарентност и корупција.



(Дел од обуката „Застапување слободен пристап до информации и антикорупциски практики“)

Учесниците во проектот проследија обуки на теми поврзани со принципите на отвореност, проектен менаџмент според правилата на ЕУ, пристапување кон ЕУ, застапување, слободен пристап до информации и антикорупциски практики, онлајн-алатки и употреба на податоци.

Во текот на проектот, преку процес на менторирање, секоја организација доби инпут и препораки за полесно достигнување на зацртаните цели.

Во рамките на проектот, развиени се документи за јавни политики во областа на антикорупција и добро владеење, кои се достапни на веб-страницата www.dobrovladeenje.mk, што претставува ресурсен центар и своевидна платформа за учење каде може да се најдат материјали од теми поврзани со доброто владеење.

Една од алатките која е резултат на овој проект е и мобилната апликација „пикодемокраси“ (Picodemocracy), чија цел е овозможување спроведување анкети во вид на мини-референдуми, односно поставување едноставни прашања на големи групи граѓани од страна на државни тела, општини, НВО, медиуми итн., за брзо и ефикасно добивање мислења за одредени прашања. Корисниците на апликацијата имаат можност да одговараат на прашањата од нивни интерес и во реално време да го гледаат мислењето и на другите корисници.



(Од промоцијата на „пикодемокраси“ во ЕУ Инфоцентар)

Апликацијата овозможува сите заинтересирани да бидат вклучени до онаа мера до која тие сакаат, при што граѓаните добиваат повратна информација за одредено прашање, а институциите и организациите имаат можност да го анкетираат јавното мислење на многу едноставен начин. Таа е достапна за преземање бесплатно за корисниците на „андроид“ и на „иос“ (Android, IOS).

**„Пикодемокраси“ – од мали капки до голем бран на демократизација**

*„Не знаеме каде се наоѓаат добрите информации. Затоа, во принцип, попаметно е да опфатиме што е можно повеќе извори, наместо да губиме време анализирајќи што да опфатиме, а што не.“*
*Џејмс Суровјецки, „Мудроста на толпата“*

Секој граѓанин треба да има можност да го искаже своето мислење во процесот на донесување одлуки во врска со значајни општествени прашања. Во таа насока, создавањето алатки што на граѓаните ќе им обезбедат едноставен и ефикасен начин за нивно вклучување е од суштинско значење за зголемувањето на граѓанското учество и воопшто за зајакнувањето на демократијата. Истовремено, со тоа ќе се зголемат барањата на граѓаните за одговорност, транспарентност и отчетност од државните институции на сите нивоа.



Токму тоа е идејата на мобилната апликација „пикодемокраси“ (Picodemocracy) - им овозможува на сите заинтересирани да се вклучат во прашања што им се важни, до посакуваниот степен и според темпото што самите го диктираат, односно граѓаните можат да добиваат информации за одредено прашање, а институциите и организациите имаат можност да го испитуваат јавното мислење на еден многу едноставен начин.
Апликацијата е двојазична (може да се користи македонски или албански јазик), а резултатите од анкетите може да се споделуваат на друштвените мрежи.

Покрај сето друго, партнерските граѓански организации кои беа дел од проектот Акциска мрежа за добро владеење, поттикнати од предизвиците поврзани со доброто владеење со кои се соочуваме години наназад, а кои ги подриваат основните демократски вредности, ја идентификуваа потребата за здружено дејствување во насока на подобрување на доброто владеење. За таа цел, 16 грантисти на проектот ја потпишаа Декларацијата „Акциска мрежа за добро владеење“.



(Фото: Средба за потпишување на Декларацијата „Акциска мрежа за добро владеење“)

## ПРЕПОРАКИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ ОД ПРОЕКТИТЕ:

### ИНСТИТУТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Здружение на граѓани „Институт за човекови права“ (ИЧП) - Скопје го имплементираше проектот „Прашувај!“ чии главни цели се транспарентно и отчетно општество, зајакнување на капацитетите на медиумите и на новинарите, поттикнување на владеење на правото, примена на законите и зајакнување на демократските вредности.

### НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

- Едукацијата на групи граѓани е клучна за поттикнување и за ефикасно остварување на човековите права;
- Користењето на сите правни лекови за остварување на одредени права (на пример право на пристап до информации од јавен карактер) овозможува обезбедување на квалитетни, проверени и документирани информации;
- Креирањето црни и бели листи на институции кои се отчетни и транспарентни, е важен фактор за мотивација на истите;
- Зголемување на свеста за човековите права на секој граѓанин води кон поголема почит и примена на фундаменталните права;
- Потребно е поттикнување на граѓаните да ги користат своите права, а и потсетување на институциите на нивната законска обврска за одговори на овие барања што во суштина го одразува демократскиот капацитет на општеството во целина;
- Загрижува податокот дека новинарите малку го користат Законот за пристап до информации од јавен карактер или, пак, институциите не одговараат, што на директен начин предизвикува штета на квалитетното истражувачко новинарство, а со тоа и на правото на граѓаните да бидат информирани.

### ПРЕПОРАКИ:

- Не е доволно постоењето на законска регулатива, доколку таа не се применува;
- Зајакната контрола врз имателите на информации и нивно почитување на законските обврски: рокот во кој треба да одговорат на барањата, редовно ажурирање на листата на информации од јавен карактер на веб-страниците, како и ажурирање на податоците за лицето задолжено за информирање;
- Отворање дебата за исклучоците од Законот за пристап до информации од јавен карактер, дали сегашните дефиниции по деветгодишно функционирање на законот можат да се стеснат, предефинираат и прецизираат врз основа на досегашната практика;
- Посилна контрола од управните судови, кои при потврдување на решенијата за исклучок од добивање информации нема да се повикуваат само на конкретната одредба, туку да дадат и образложение зошто одредена информација означена со степен на доверливост „интерно“ не може да подлежи на законот;
- Градење судска практика и запознавање со неа на имателите на информации, за да не се повтори, имател на информација, кој не може да биде странка во управна постапка, да заведува спор и на тој начин да го оневозможи добивањето на бараната информација.

Да се земат предвид укажувањата на новинарите за скратувања на роковите од 30 на 15 дена, како и од пет на три работни дена за поднесено усно барање



### ЕКО-СВЕСТ

Во рамки на Акциската мрежа, организацијата Центар за истражување и информирање за животна средина „Еко-свест“ (понатаму Еко-свест) го имплементираше проектот наречен „Проверка на европските механизми за заштита од корупција и заштита на животната средина“. Овој надзорен проект имаше две содржински компоненти. Прво, целеше кон тоа да провери дали во проектот за Коридор X (делницата Демир Капија-Смоквица) биле имплементирани механизмите за заштита од корупција на ЕУ. Понатаму, проектот беше насочен на утврдување дали при имплементацијата на истиот инфраструктурен проект биле целосно применети мерките за заштита на животна средина предвидени од ЕУ. Од проектот се очекуваше да произлезе извештај со научени лекции, како и да се воспостави координативно тело составено од локални организации кои би ја надгледувале примената на овие механизми.



(Дел од обуката „Застапување слободен пристап до информации и антикорупциски практики“)

### НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

- Искуство при спроведување проекти од ваков вид, кои се компатибилни со сите тематски приоритети на Акциската мрежа;
- Поефикасно набљудување на трошењето на европските фондови, особено во надзорот и во лобирањето за искористувањето и за програмирањето на ИПА-фондовите во Македонија;
- Користење на корпус на различни докази употребени во студијата изработена во рамките на овој проект;
- Спроведување проекти, не како ад-хок акција, која би се спровела само поради потребата за интервенција, туку акција која е во согласност со програмските приоритети, експертизата и со стратегијата на невладините организации;
- Учество во планирањето на проектот за изградба на делницата Демир Капија – Смоквица како дел од Коридорот X, што е еден од најголемите инфраструктурни зафати во земјата.

## ПРЕПОРАКИ:

- Како проект кој е надградба на претходни акции, се покажа дека сериозните „watch-dog“ организации во земјата треба да работат исклучиво со сериозни теренски докази за своите тврдења, каков што е примерот со надзорот на примената на мерките за заштита на животната средина при изградба на Коридорот Х;

- Особен интерес, покрај истражувањето и надзорот, треба да се посвети на корупцијата иако тоа не е тема од примарен интерес на организацијата и бара специфични познавања и експертиза;

- Начинот на кој е спроведен проектот е показател за тоа дека граѓанските организации понекогаш е добро да излезат од својата зона на комфорот и преку работата да учат за теми кои не им се од примарен интерес. Се разбира, овој пристап има и свои замки, како, на пример, ненасоченоста, но доколку постои посветеност за учење низ работата и за зголемување на капацитетите, тогаш секој сериозен донатор е по правило подготвен да поддржи такви акции;

- Најголемата додадена вредност од овој проект лежи во фактот што се отвори тема за која во јавноста се нема слух. Кога станува збор за големи инфраструктурни проекти, кои во државата со години ги немало, македонската влада е толку гладна за успеси, за градење по секоја цена, при што се заборава на животната средина и на принципите на добро владеење;

- Еко-свест со проектот покрена две важни и поврзани теми – една за сомнежите за корупција од голем размер во овој проект, а другата за тоа како државата не ги почитува мерките за заштита на животна средина на кои самата се обврзала.

## ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА ШТИП

Фондација за развој на локалната заедница Штип го спроведуваше проектот „Граѓански објектив“, чија цел е поголемо вклучување на граѓаните во креирањето на локалните политики. Проектот направи анализа на состојбата за да се слушне мислењето на граѓаните во однос на инвестициите што Општина Штип ги прави во урбаните/месни заедници од градот.

## НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

- Анализата и мапирањето на инвестициите во одредена општина се важни за да се добие детален увид во урбаните и во месните заедници каде се инвестира;

- Информирањето на пошироката јавност за резултатите од спроведени анализи е клучно за да се поттикне јавноста и НВО да извршат притисок врз локалната самоуправа за потранспарентно управување со јавните средства;

- Според граѓаните, урбаните и месните заедници не функционираат како тела преку кои се идентификуваат, адресираат и решаваат проблеми на граѓаните, слаба е соработката со Општината и истата недоволно ги вклучува граѓаните во процесот на одлучување на локално ниво.



## ПРЕПОРАКИ:

- Поголемо вклучување на граѓаните во процесот на планирање на инфраструктурните инвестиции во општините;

- Поставување приоритети и водење грижа за рамномерна распределеност на инвестициите по урбани заедници и по месни заедници;

- Зајакнување на улогата и на функционирањето на урбаните заедници и на месните заедници;

- Поголема соработка на урбаните заедници и на месните заедници со општините и со јавните претпријатија;

- Реално планирање и прецизно поставување на планираните активности

## ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ И ЗА АКТИВИЗАМ „АКВА“ (ЈАВНО НАСПРОТИ ЈАВНАТО)

Организацијата „Аква“ се занимаваше со пристап до информации од јавен карактер. Нивната цел беше да дознаат колку улични светилки има во градот и дали таа бројка соодветствува со парите што Општината ги троши за улично осветлување.

## НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

- И покрај тоа што постоеја голем број нејаснотии при читање на предлог-проектот, тие беа надминати во комуникација меѓу менторот и организацијата;

- Потребна е поголема соработка во однос на пишувањето на предлог-проектите со локалните граѓански организации од внатрешноста;

- Но, што се однесува до целите на проектот, и покрај тоа што имаше гаранции од градоначалникот на Општината дека ќе ги стави на располагање сите информации кои се потребни, се јави проблем во тоа што градоначалникот гледајќи го ослободувањето на оваа информација како политички неподобна за времето, одлучи да одолжува;

- Со тоа спроведувањето на проектот малку се одолжи, но тоа само зборува за несериозноста во пристапот на општините во соработка со граѓанските организации.

## ПРЕПОРАКИ:

- Зголемување на интензитетот и на културата на соработка помеѓу јавните претпријатија и граѓанските организации, која е на особено ниско ниво, што предизвикува пречки и одолжување на спроведувањето на проектите.

- Општинските организации да гледаат партнерски кон граѓанските здруженија кои располагаат со информации за локалната заедница, кои можат да помогнат за подобро владеење и за располагање со ресурсите.

- Да се намали одбивноста кај општинските власти кон споделувањето информации од јавен карактер и да се зголеми довербата меѓу властите и невладините организации.

- Од проектот произлегоа и неколку применливи препораки, како и мапа на светилки во општината каде функционира организацијата, која може да ја добие секој граѓанин, а подоцна врз основа на таа мапа да гради и понатамошни анализи за потребите на идните проекти.

## АНАЛИТИКА

Во рамките на Акциската мрежа за добро владеење, здружението Асоцијација за истражување на политики „Аналитика“ – Гостивар (понатаму „Аналитика“) го спроведуваше проектот **„Следење на трошењето на јавните пари, тендерите и јавните набавки во енергетскиот сектор на Македонија“.** Иако со ограничени буџетски средства и кратко времетраење, проектот имаше две амбициозни цели:

1. Утврдување на тоа каква е финансиската отчетност на институциите од областа на енергетиката (Министерство за економија, ЕЛЕМ, МЕПСО, Регулаторна комисија за енергетика), како и

2. Развивање механизам за следење на процесите на буџетирање на овие институции и нивното објавување тендери.

### НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

- Со оглед на тоа што проектот се занимаваше со следење на трошењето јавни пари во еден од најчувствителните сектори, каде што постојат најголеми јавни набавки и голема маргина за незаконски дејства, проектот најмногу е поврзан со тематскиот приоритет корупција, а во поширока смисла и со тематските приоритети добро владеење и транспарентност;

- Повеќето од проблемите при спроведувањето беа поврзани со подготвеноста на набљудуваните институции за соработка во сите фази на проектот. Со спроведувањето на проектните активности и истражувањата, „Аналитика“ дополнително го зајакна својот капацитет за спроведување комплексни набљудувања на трошењето на јавните пари и за подготвување конкретни препораки за подобрување на работењето на институциите во насока на инкорпорирање на принципите на доброто владеење;

- Се зголеми видливоста на организацијата во јавноста и перцепцијата дека истата е добар и релевантен извор на информации за конкретната тема, како за медиумите така и за другите заинтересирани страни.

### ПРЕПОРАКИ:

- Проектот „Следење на трошењето на јавните пари, тендерите и јавните набавки во енергетскиот сектор на Македонија“ беше еден од неколкуте проекти поддржани во Акциската мрежа за добро владеење што се занимаваше со корупцијата, доброто владеење и со транспарентноста на институциите на централно ниво;

- Обработувањето на овој вид теми во краток период и со ограничени буџетски средства, подразбира организацијата имплементатор да располага со воспоставена методологија за набљудување, завидно ниво на специфична експертиза и многу работа;

- Проектот отвори и третираше тема за која во јавноста поради притисокот на политичките елити премалку се говори, иако станува збор за јавен интерес од најголемо ниво. Вообичаено, дури и кога медиумите ја покриваат темата на енергетската политика, тоа се прави површно, кампањски и без стратегија. Проектот, преку своите резултати како обемната студијата од преку 80- страници, дава детален преглед на поставеноста на енергетската политика, предизвиците со кои се соочува и нуди одлични препораки за одлучувачите, претставувајќи референтен документ за секое наредно сериозно истражување на оваа тема;

- Спроведувањето на проектот значеше поголема видливост за оваа организација во јавноста, како и дополнително подобрување на капацитетите на НВО за занимавање со оваа комплексна тема.

## ЦЕНТАР ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА ДЕБАР

Здружение Центар за одржлив развој на заедницата го имплементираше проектот „Промената почнува од нас, здрава храна – здрави деца“, чија главна цел е заштита на здравјето на децата преку правилна и здрава исхрана.

### НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

- Истакнувањето на важноста на здравата исхрана на децата е мошне важно за да се поттикне дискусија на оваа тема и да се поттикне каква било промена на однесувањето на општеството за грижа за здрава исхрана на децата;

- Спроведувањето на активности на теми кои не се актуелни во јавноста овозможува мобилизација на општеството и поттикнува акција;

- Градење соработка помеѓу локалните институции и сите засегнати страни, како што, во овој случај, се родителите и бизнис-секторот, е мошне важен чекор за да се актуелизира прашањето на кое се работи и да се вклучат сите кои ги допира одреден проблем, а во овој проект тоа е заштита на здравјето на децата.

### ПРЕПОРАКИ:

- Градење соработка помеѓу локалните институции и невладините организации е клучно за успешно спроведување активности;

- Градење контролен механизам за надзор на активностите во времето на нивното спроведување, но и по нивното завршување, овозможува предвидување на идните потреби и утврдување добри практики;

- Градење контролни механизми за надзор на активностите и по завршувањето на проектите, така што би се загарантирало и понатамошно спроведување на активностите и по завршувањето на проектот;

- Допирањето на општествено важни прашања, како што е здравјето на децата, овозможува подобра соработка помеѓу локалните институции, родителите и бизнис-секторот за заштита на здравјето на децата и затоа мошне е важно вклучување на сите засегнати страни;

- Објавувањето на анализите на состојбите по одредени прашања кои содржат заклучоци и препораки, се значајни за понатамошната перцепција и за справување со одредено прашање, како и за изработка на план за акција.

## „ФАЈНАНС ТИНК“

Здружение на граѓани за економско истражување, застапување и донесување економски политики „Фајнанс тинк“ (Finance Think) - Скопје го имплементираше проектот „Локален развој или тековна потрошувачка: За која намена се трошат општинските пари?“, чија главна цел е да се зголеми транспарентноста и ефикасноста на употребата на буџетските средства на општините.

### НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

- Постои недоволна транспарентност во трошењето на буџетските средства кај дел од најголемите 15 општини;
- Постои голема зависност од буџетските трансфери од централниот буџет, а во одредени општини тие достигнуваат повеќе од 70 отсто од вкупните приходи;
- И покрај тоа што обврската за транспарентно објавување е пропишана со закон, дел од општините во земјава воопшто не ги објавуваат информациите за начинот на трошење на буџетските средства;
- Од друга страна, пак, општините кои објавуваат информации за сопствените буџети, најчесто пласираат неразбирливи, нечитливи и нецелосни податоци за трошењето на буџетските средства;
- Граѓаните се често недоволно информирани за висината на буџетот на нивната општина и за намената за која се користат средствата;
- Зголемувањето на информираноста на граѓаните за трошењето на буџетските средства во општините, како и за ефикасноста на трошењето на буџетските средства во нивната општина во споредба со други општини, го зголемува притисокот врз институциите за потранспарентно работење.

### ПРЕПОРАКИ:

- Да се зголеми транспарентноста за буџетите преку редовно објавување на завршните сметки во разбирлив формат и со повеќе детали;
- Да се зголеми свесноста за општествената одговорност преку засилување на соработката и поддршката меѓу општините и граѓанските организации.

## СОЈУЗ „НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ“ (НСРР)

Сојузот „Национален совет за родова рамноправност“ го имплементираше проектот „Преку пристап до информации од јавен карактер до унапредување на социјалната заштита и транспарентноста на локалните самоуправи“, чија цел е унапредување на доброто владеење на локалните самоуправи преку принципите на отвореност, одговорност и на транспарентност, зголемување на учеството на граѓаните и на граѓанските организации во креирањето и во одлучувањето во доменот на социјалната заштита на локално ниво, како и унапредување на социјалната заштита на локално ниво.

Овој проект е битен бидејќи го истражуваше прашањето на добро владеење, транспарентност и на отчетност преку почитувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општини за кои слушаме малку или воопшто не слушаме. Повеќето скопски општини, како и други поголеми општини од Македонија, со помош на поголеми организации и фондации веќе спроведуваат проекти за отворање кон граѓаните, нивно информирање за формите на партиципација во следењето на работата на администрацијата и исполнување на критериумите за добро владеење како партиципативност, отчетност и транспарентност. Помалите и руралните општини, освен што се принудени да работат со исклучително мали буџети, практично го немаат „доброто владеење“ како вредност, ниту, пак, помеѓу локалното население постои интерес за учество или, барем, за следење на работата на јавната администрација.

Освен прашањето за информираност на граѓаните околу нивното право за слободен пристап до информации од јавен карактер, посебните организации, со нивните проекти, истражуваа и дојдоа до сознанија за конкретните теми кои ги истражуваа. НСРР, преку партнерските организации од Могила, Росоман и од Арачиново, направи значајна анализа на состојбите со социјалната заштита во соодветните општини. Сознанијата од ова истражување се загрижувачки (како, на пример, буџетите кои тие ги издвојуваат на годишно ниво за социјална заштита, но и фактот дека голем дел од нив не се ни троши), но корисни, особено за претставниците на локалните организации. Спроведувањето на овој проект резултираше со општи сознанија за состојбата со информираноста на граѓаните за Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, но и воопшто, колку јавните институции ги прифатиле и ги практикуваат вредностите на доброто владеење.

### НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

- Интензитетот на практикување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер кај граѓаните е слаб. Тие, евидентно, не се доволно информирани за ова право;
- Граѓаните во руралните средини не се доволно информирани и не го применуваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Граѓаните во руралните средини не се доволно информирани за работата на нивната локална самоуправа;
- Граѓаните и граѓанските организации во руралните средини се недоволно вклучени во процесите на креирање политики на локално ниво;
- Локалните самоуправи во рурални средини не преземаат доволно активности за информирање и за вклучување на граѓаните и на граѓанските организации во процесите на креирање политики;
- Неинформираноста на граѓаните за нивното право на слободен пристап до информации од јавен карактер директно зависи од активностите што ги преземаат имателите на информации;
- Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер најчесто поднесуваат здруженијата на граѓани за своите истражувања и активности.

### ПРЕПОРАКИ:

- Активности за информирање на граѓаните за нивното право на слободен пристап до информации од јавен карактер, спроведени од самите јавни институции;

- Активности за информирање и за поттикнување на граѓаните да го користат своето право за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Редовно ажурирање на огласни табли и на билтени, особено во руралните заедници;
- Редовно ажурирање на веб-страниците на јавните институции со информации од јавен карактер;
- Почесто организирање информативни настани од страна на јавните институции, за информирање на граѓаните, особено во помалите или руралните заедници;
- Вклучување на граѓаните во процесите на носење политики.

## ЦЕНТАР ЗА РОМСКА ЗАЕДНИЦА ДРОМ

Центар за ромска заедница ДРОМ го спроведуваше проектот „Јас имам право да сум информиран!", чија цел е подобрување на комуникацијата меѓу граѓаните и јавната администрација во Општина Куманово преку поефикасна примена на законот за слободен пристап од јавен карактер.



(Фото: Јавна расправа за Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер)

Здружението ја испита и детално ја анализираше состојбата со транспарентност и отчетност на секој сектор од Општина Куманово посебно. Така, од ова истражување дознаваме дека граѓаните во оваа општина воопшто не ја употребуваат законски пропишаната форма на барање пристап до информации од јавен карактер, а постојат вработени во општината кои се само делумно запознаени со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.



## НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

- Постојат јавни институции во кои вработените сè уште не се комплетно запознаени со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Јавните институции најчесто ги користат средствата на располагање за информирање на граѓаните, но постојат такви кои сè уште ги информираат граѓаните „преку директен контакт" или телефонски, доколку граѓаните побараат;
- Посебните сектори на една единица на локална самоуправа добиваат помеѓу едно и пет барања за пристап до информации од јавен карактер месечно, а некои од нив и воопшто;
- Интензитетот на практикување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер кај граѓаните е слаб. Тие, евидентно, не се доволно информирани за ова право;
- Граѓаните го остваруваат своето право за слободен пристап до информации од јавен карактер најчесто телефонски или лично. Кога се поднесуваат писмени барања, тие се произволни, пропишаниот формат ретко или никогаш не се употребува;
- Граѓаните ја прескокнуваат пропишаната форма на барање пристап до информации од јавен карактер поради личните контакти и познанства со вработени во институциите или можност на сличен начин да дојдат до бараните информации;
- Неформалните односи и релации во руралните и во помалите заедници го намалуваат значењето на пишана информација, заверена и архивирана од страна на јавна институција;
- Институциите одговараат на барањата соодветно на начинот на кој се поднесени: најчесто телефонски или лично, а во зависност од случајот и по писмен пат, по пошта. Постои, но е редок примерот на сектори кои во рок од пет до седум дена го испраќаат одговорот по електронска пошта;
- Најчести теми кои ги тераат граѓаните свесно или несвесно да го применуваат правото за слободен пристап до информации од јавен карактер се оние од областа на инфраструктурата и просторното планирање и уредување во нивната средина, урбанизам и даночно работење;
- Неинформираноста на граѓаните за нивното право на слободен пристап до информации од јавен карактер директно зависи од активностите што ги преземаат имателите на информации;
- Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер најчесто поднесуваат здруженијата на граѓани за своите истражувања и активности;
- Иако вработените одговараат на поднесените барања во законски предвидениот рок и форма, забележливо е вешто избегнување на конкретната информација преку давање нејасен или премногу општ одговор;
- Отчетноста и транспарентноста на локалните самоуправи од руралните средини е арбитрарна, зависи од личната волја и од ентузијазмот на некој од вработените;

## ПРЕПОРАКИ:

- Активности за информирање на граѓаните за нивното право на слободен пристап до информации од јавен карактер, спроведени од самите јавни институции;
- Активности за информирање и за поттикнување на граѓаните да го користат своето право за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Редовно ажурирање на огласни табли и на билтени, особено во руралните заедници;
- Информирање на граѓаните за тоа кои информации се информации од јавен карактер;
- Редовно ажурирање на веб-страниците на јавните институции со информации од јавен карактер;
- Подобро информирање на вработените во јавните институции за Законот за пристап до информации од јавен карактер, но и нивна едукација за негово попрактично спроведување;
- Почесто организирање информативни настани од страна на јавните институции, за информирање на граѓаните, особено во помалите или руралните заедници;
- Информирање на граѓаните за важноста на поседувањето на официјално издадена, заверена и архивирана информација од јавна институција;
- Вклучување на граѓаните во процесите на носење политики.

## 8 СЕПТЕМВРИ

Во рамките на Акциската мрежа за добро владеење, Здружението за граѓанско општество „8 Септември“ (понатаму „8 Септември“) го спроведе проектот наречен „Креирање социјални политики, социјална помош без корупција“. Генералната цел на овој проект, кој се спроведе во општините Центар и Струмица, беше да се истражат можните сфери на корупција и непотизам при доделување на материјалните и на финансиските средства од страна на двете општини, и тоа во однос на социјалната политика, како и да се дадат препораки за потранспарентно доделување на општинските средства наменети за социјална помош на ранливите групи граѓани.

Проектот, генерално, се однесуваше на тематскиот приоритет корупција, а индиректно и на добро владеење и транспарентност, при што главната идеја беше да се пренесат искуствата и добрите практики од една општина која фигурира повисоко во однос на стандардите на доброто владеење (Струмица) во Општина Центар, каде постои волја за унапредување на стандардите. За крај, предвидено беше резултатите од истражувањето да се користат и за сензибилизирање на граѓанските организации и за нивно вклучување во спроведување и во набљудување на социјалната политика на општинско ниво.





(Фото: Презентиран проектот „Креирање на социјални политики, социјална помош без корупција“ во Општина Центар)

## НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

- Локацијата и добрите партнерски односи на граѓанската организација со локалните власти им овозможи близок увид во состојбите на теренот при спроведувањето на проектот, како и добро познавање на локалните потреби;
- Квалитетот на анализата и јасноста на препораките е добра основа за идните чекори кои општините треба да ги направат за развивање на транспарентна социјална политика базирана на принципите на транспарентност и на добро владеење во која арбитрарното одлучување и корупцијата при доделувањето на средствата се сведени на минимум.

## ПРЕПОРАКИ:

- Проектот идентификуваше недоречености и слабости во спроведувањето на социјалната политика и во Општина Центар и во Општина Струмица, иако двете општини важат за подобри во однос на применувањето на принципите на добро владеење, на што укажуваат и релевантните истражувања на граѓанските организации во државата. Тоа упатува дека потребата за слични акции постои и во други општини, како и дека граѓанските организации и донаторската заедница треба да спроведуваат и поддржуваат слични акции и во иднина;
- Проектот претставува добар пример за тоа како граѓанските организации можат со експертиза и со посветеност да им помогнат на општините во посочувањето практичните чекори што треба да ги направат во насока на спроведувањето на политиките од нивна надлежност;

- Активности за информирање на граѓаните за нивното право на слободен пристап до информации од јавен карактер, спроведени од самите јавни институции;
- Активности за информирање и за поттикнување на граѓаните да го користат своето право за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Редовно ажурирање на огласни табли и на билтени, особено во руралните заедници;
- Информирање на граѓаните за тоа кои информации се информации од јавен карактер;
- Редовно ажурирање на веб-страниците на јавните институции со информации од јавен карактер;
- Подобро информирање на вработените во јавните институции за Законот за пристап до информации од јавен карактер, но и нивна едукација за негово попрактично спроведување;
- Почесто организирање информативни настани од страна на јавните институции, за информирање на граѓаните, особено во помалите или руралните заедници;
- Информирање на граѓаните за важноста на поседувањето на официјално издадена, заверена и архивирана информација од јавна институција;
- Вклучување на граѓаните во процесите на носење политики.

## КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“

Во рамките на Акциската мрежа за добро владеење, Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ (понатаму Коалицијата) го спроведе проектот наречен „Мониторинг на судски предмети од областа на организиран криминал и корупција“.

Иако мал во финансискиот обем и со кратко времетраење, проектот предвиде низа цели од кои најважни беа зајакнувањето на независноста, ефикасноста и на правичноста на судството во борбата против организираниот криминал и корупција, евалуација на судската ефикасност преку набљудување на имплементацијата на законските измени од минатиот период и анализа на кривично-правниот одговор на борбата против организираниот криминал и корупцијата. Целите, активностите и резултатите на проектот беа компатибилни со сите тематски приоритети на Акциската мрежа за добро владеење, особено со корупцијата и доброто владеење.




(Фото: Презентација на анализа „Судската ефикасност и остварувањето на фер и правично судење“)



### НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

- И покрај амбициозно поставениот обем на надгледувани предмети и комплицираната методологија на набљудувањето, проектот беше успешно спроведен без поголеми тешкотии, кон што придонесе искуството на проектниот тим и целата организација во спроведувањето на ваков тип активности.

### ПРЕПОРАКИ:

- Поради типот на активноста (надзор на судски предмети кои вообичаено траат подолго од времетраењето на проект), која подразбира континуитет, она што придонесе кон успешно остварување на обврските е фактот што проектот беше компатибилен со редовните активности на организацијата, односно со нејзиниот редовен работен план;
- Доколку станува ше збор за ад-хок активност, постигнувањето на резултатите ќе беше значително отежнато. Ова е видливо и во наодите на извештајот од надзорот, каде што од Коалицијата забележале дека пет месеци не се доволни за целосно да се надгледуваат сите судски случаи кои се предмет на проектот;
- При спроведување слични активности во иднина, организациите од граѓанското општество треба да имаат на ум дека нивните проектни апликации и проекти би биле далеку поуспешни, доколку истите не претставуваат еднократна интервенција, туку се дел од нивните редовни работни програми и генерална стратегијата на работењето;
- Спроведувањето на проектот и начинот на кој Коалицијата ја има формулирано методологијата на набљудувањето е добар пример и за тоа дека дури и најапстрактните материи, како што е судската практика, можат да се квантифицираат и на едноставен начин да се претстават на пошироката јавност. Ова е особено важно во услови кога конвенционалниот медиумски простор е стеснет и кај најмоќните телевизии не постои интерес за известување за контроверзни теми кои се однесуваат на доброто владеење, а во кои спаѓа и квалитетот на судските одлуки.
- Во иднина, добра практика би било доколку организациите што спроведуваат слични активности, направат чекор понатаму и дополнително поработат на визуелизација на податоците добиени од набљудувањата, со што дополнително би ја зголемиле видливоста на своите наоди.

## ИНСТИТУТ ЗА РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Во рамките на Акциската мрежа за добро владеење беше поддржан и проектот „Воспоставување систем за подобрување на вклученоста на граѓанскиот и бизнис-секторот во носењето одлуки на локално ниво“ на Институтот за развој на руралните заедници (понатаму ИРРЗА). Генералната цел на овој проект беше да се воспостави практика на добро владеење во Општина Ресен, и тоа преку формирање трипартитно партнерство на граѓанскиот, јавниот и на бизнис-секторот. Предвидената форма на ова практика беше таканаречената Платформа за локална акција (ПЛА). На тој начин, целите на овој проект беа компатибилни со втората главна цел на Акциската мрежа, како и со првото поле на дејствување (градење стратегии преку широка консултација).

### НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

- Општо земено, проектот претставуваше насочена акција која се случи во Општина Ресен, граѓаните и другите чинители, и во таа смисла предвидуваше целосно конкретизирани и мерливи резултати;

- Сето ова заедно со завидното ниво на експертиза за принципите за добро владеење која ја поседува тимот на здружението придонесе за тоа проектните активности да се спроведат без никакви тешкотии и да имаат директно влијание врз локалната власт преку мобилизација на граѓаните за посуштинско вклучување во донесувањето на одлуките на локално ниво.

## ПРЕПОРАКИ:

- Генерално, проектот претставува успешен пример за тоа како треба да изгледа една мала, но насочена акција со конкретни резултати и со влијание врз политиките во една мала средина како што е општина Ресен.

- Од проектот произлезе деловник за работа на ПЛА, правилник за именување и структурата на група на чинители Платформата за локална акција (ПЛА), како и обемен прирачник за добро владеење во кој на разбирлив начин се објаснети клучните концепти и принципи поврзани со доброто владеење.

- Сите овие документи во иднина ќе претставуваат основа за работата на ПЛА во оваа општина, но целиот процес ќе претставува и добар пример за другите општини во државата што имаат желба да воспостават механизми за вклучување на широката локална јавност во донесувањето на одлуките на локално ниво. На тој начин ќе се зголеми и одржливоста на организацијата имплементатор, која во иднина ќе биде уште попрепознатлива како искусен и релевантен партнер во некои идни проекти со слични цели и активности во други општини.

- Целата акција имаше силна грасрутс-димензија, не само поради фактот што ИРРЗА произлегува од оваа општина, туку и поради фактот што акцијата доби поддршка од локалната власт, граѓанскиот сектор, бизнис-секторот и, генерално, од граѓаните, што е солидна основа која дава право да веруваме дека резултатите на акцијата се одрживи.

## ЗДРУЖЕНИЕ ЗА БОРБА ПРОТИВ РАК „БОРКА – ЗА СЕКОЈ НОВ ДЕН“

Здружение за борба против рак „Борка – за секој нов ден“ го спроведе проектот „А што со правата на пациентите?“, чија главна цел е да се овозможи остварување на правата на пациентите во согласност со член 39 од Законот за заштита на правата на пациентите. Идејата е, преку иницијатива за формирање постојани комисии за заштита на правата на пациентите и отворање канцеларии за унапредување на правата на пациентите, во согласност со законот, и нивно активно работење, во проектните општини да се овозможи поголема заштита на правата на пациентите, кои се во фокусот на овој проект.

## НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

- При имплементација на проекти во чиј фокус се граѓанските права, една од најважните работи е постоење координација со општините за потребите на општините за формирање комисии и за нивно функционирање, како и соработка со локалните здруженија и нивно запознавање со потребата од постоење на комисии и начините на учество на здруженијата и нивни претставници во работата на комисиите;



- Формирањето комисии на локално ниво го подобрува остварувањето на правата на граѓаните со добивање на уште еден законски предвиден механизам;

- Преку учеството на граѓани предложени од организациите и претставници на граѓанскиот сектор, во комисиите се зголемува нивото на вклученоста на граѓанското општество во процесите на донесување одлуки и ги зајакнува нивните права пропишани со законот;

- Соработката во рамките на комисиите, каде се вклучени претставници на граѓанскиот сектор, стручни лица, претставници на општините, овозможува широка соработка на повеќе страни вклучени во одреден проблем.

## ПРЕПОРАКИ:

- Добивањето квалитетни и релевантни податоци и сознанија за состојбата со остварување на граѓанските права претставува основа за соработка и за мотивација на релевантните институции;

- Формирањето и активната работа на општински комисии по одредено прашање овозможува поголемо ниво на остварување и на заштита на човековите права и разработка на одредени прашања;

- Со вклучување на здруженијата на граѓани, како што се, на пример, здруженијата на пациенти и граѓанскиот сектор, се остварува поголем увид и учество во заштита на правата на граѓаните, како во случајот со овој проект и здравствената заштита, со што ќе се зголеми транспарентноста на информациите, капацитетот на информациите за остварување и за искористување на веќе законски пропишаните права.

## ИКТ ЗА ПРОМЕНИ

„ИКТ за промени“ (IKT4change) го имплементираше проектот „Систем за електронска евиденција на туристи во Тетово“, чија главна цел е креирање централна база на ниво на општина и систем за евиденција и за наплата на туристичка такса на туристи, во согласност со Законот за заштита на личните податоци (С.В. бр. 7/2005, 103/08,124/10, 135/11, 43/14) и според Законот за таксата за привремен престој (С.В. 19/96, 26/02,51/03,88/08,17/11)). Главната цел на проектот е да се заштитат личните податоци на туристите, при што тие податоци што се битни за општината ќе бидат регистрирани, а личните податоци на туристите ќе останат за хотелот.

## НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

- При прибирање информации потребно е да се направи избор и тие да бидат лимитирани на основните податоци што се битни субјектот. На пример, за архивите на општините, доволни се податоците за: земјата од која доаѓа туристот, возраста, полот и датумот на престојување, без воопшто да се снимаат податоци како што се име, презиме и број на пасош;

- Со внесување на овие податоци во централната база, општината во секое време или за даден период ќе има увид во вкупниот број на туристи, поделено по земји и по хотели во кои се сместувани;

- Постоењето систем од овој вид овозможува хотелиерите полесно да ги внесат податоците и да креираат извештаи од различен вид за општината, при што сите прикажани информации се во реално време и статистички организирани и структурирани за понатамошно користење за потребите на општината;

- Статистичките извештаи кои ќе се генерираат со ваков систем служат за повеќе цели, на пример, добивање детална слика во реално време за посетеноста на општината од туристи;

- Постоењето на ваков систем овозможува општината, користејќи ги податоците достапни од системот, да реализира маркетиншки кампањи кои ќе таргетираат групи на туристи кои потенцијално може да ја посетат општината;

- Општината може автоматски да генерира фактури кон угостителските објекти за наплата на туристичка такса.

### ПРЕПОРАКИ:

- Имплементација на систем за електронска евиденција на туристи и во другите општини во Република Македонија, по примерот на овој проект имплементиран во општина Тетово;

- Техничка поддршка на електронските системи од општините за долгорочно и успешно функционирање на електронската евиденција на туристи;

- Покренуввање на свеста за заштита на личните податоци кај хотелиерите ,како и кај општините, за да се избегне прибирање голем обем лични податоци и нарушување на приватноста на индивидуите.

## ЗИП ИНСТИТУТ

ЗИП институт го имплементираше проектот „Зајакнување на капацитетите за соработка помеѓу Општина Сарај и невладините организации во општина Сарај“. Проектот имаше цел запознавање на општинските власти и на невладините организации за придобивките од заедничко дејствување во процесот на креирање одлуки; креирање мостови на соработка помеѓу Општина Сарај и НВО од општина Сарај; и подобрена соработка помеѓу Општина Сарај и НВО во општина Сарај преку подготвување стратешки документи.

### НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

- ЗИП институтот е организација со добар човечки капацитет и организација со многу добро портфолио во спроведување на проектните активности. Комуникација со нив беше професионална. Нивните активности беа извршени навремено и квалитетно;

- Проектот беше јасно и концизно напишан. Сите несогласувања беа добро комуницирани. Институтот ЗИП се зафати со пионерско истражување, а тоа е анализа на соработката и на транспарентноста на Општина Сарај во соработка со невладини организации кои дејствуваат на нејзината територија.

### ПРЕПОРАКИ:

- Проектот идентификуваше слабости во соработката на невладините организации со Општина Сарај. Нивното истражување покажа дека недостигот од соработка се јавува во недоволен интерес од двете страни;



- Соработката треба да продолжи и да се интензивира затоа што досега нема некоја поголема иницијатива во која учествувале двете страни. Тоа ја прави Општината далечна и затворена за граѓаните;

- Општината треба да продолжи поинтензивно да соработува со здруженијата кои дејствуваат на нејзината територија и да стане партнер во кофинансирање при разни иницијативи и апликации од организациите. Тоа треба да премине во еден вид секторска работа и практика за воспоставување консултативна комуникација;

- Општината треба да има поголем преглед на состојбите на терен и да изгради програма или стратегија за соработка со граѓанските организации. При тоа, Општината треба да се стреми кон поголема транспарентност во поглед на нудење информациите за соработка, при тоа користејќи ги новите алатки за социјална комуникација. Во овој домен може да прифати позитивни искуства од некои општини каде таква практика е веќе воспоставена: Струмица, Штип, Карпош, Гази Баба итн;

- Од друга страна, граѓанските организации треба да пројават поголем интерес за соработка со локалните власти, почесто да ги ажурираат своите сознанија за состојбата во општината, да подготват предлози за искористување на расположливиот буџет, да градат локални мрежи, да ги дополнуваат човечките ресурси на организациите кои работат на таа област и да иницираат заеднички акции.

## ФРЕЈМ БАЈ ФРЕЈМ – ДЕБАТНО КИНО „КОНТРА КАДАР“

„Фрејм бај фрејм“ го имплементираа проектот Дебатно кино „Контра кадар“, чија цел е поголема вклученост на граѓаните во демократските процеси преку креирање јавен дебатен простор, организирање на граѓаните преку заедничка дискусија и соработка за влијание во носењето на одлуките кои нè засегаат сите, создавање навики на користење на јавна институција, промовирање критичка и ангажирана култура, создавање на солидарност помеѓу групите и идна поддршка на иницијативи.

### НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

- Значајноста на дебатното кино „Контра кадар“ е во тоа што се нуди како единствен простор за граѓанско-политичка дебата во Битола, што е од особена важност за креирање критичка култура кон јавните институции и политики. Значајноста на „Фрејм бај фрејм“ е и во тоа што и покрај затвореноста на институциите, таа веќе две години успева да ја одржи соработката со Домот на култура во Битола. Тоа значи дека нивната пожртвуваност и искрен пристап сепак успеал да пробие и да се задржи како дел од градската култура. Затоа не е ни чудно што голем дел од граѓанските иницијативи кои во последните години се појавија во Битола произлегоа токму од посетителите на дебатното кино;

- Можеби на прво читање проектот не соодветствуваше со целта на мрежата „Добро владеење“, затоа средствата на организацијата беа преполовени, но со оглед на темите што се дискутираа во дебатното кино, може да се каже дека овој проект имаше придонес кон креирањето критична маса која е неопходна за формирање граѓанска свест, клучна за контролирање на локалната власт и за функционирање на принципите на добро владеење;

- Покрај тоа, организацијата, благодарение на овој проект, ги зајакна своите капацитети со оглед на тоа што ова беше првиот проект што го администрираше. Во поглед на спроведувањето на проектот, организацијата немаше никаков проблем. Ваквите

организации кои функционираат на локално ниво, имаат доверба кај граѓаните. Оттука заклучокот на научените лекции е дека фондациите треба да посветат особено внимание на зајакнување на нивните капацитети и на проширување на полето на дејствување.

## ПРЕПОРАКИ:

- Општината треба да ја интензивира соработката со граѓанските организации кои своите активности ги прават на волонтерска основа;

- Организацијата што го спроведуваше овој проект има неколкугодишно искуство на соработка со јавната институција „Дом на култура - Битола“, што значи дека сепак некои институции покажале отвореност за соработка. Но, мора да се нагласи дека тоа не е доволно за зголемување на критичката свест кај граѓаните, која е услов за подобрување на транспарентноста на Општината и зголемување на соработката со ГО;

- Од секоја активност на проектот „Контра кадар“ произлегоа неколку препораки кои можат да се применат на општинско ниво, но средината не покажува интерес да ги прифати мислењата на граѓаните и покрај тоа што тие заклучоци и препораки произлегуваат во една демократската атмосфера, организирана под покривот на локална институција;

- Тука, исто така, треба да се воспостави некој постојан метод на комуникација од каде луѓето задолжени за донесување на одлуките на општинско ниво ќе можат да ги добијат и применат препораките што произлегуваат од вакви делиберативни совети. Во овој случај, социјалните медиуми можат да ја одиграат таа улога.

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

МЦЕТ

РЕАКТОР
истражување во акција

ПРОЕКТ АКЦИСКА МРЕЖА ЗА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ